# Претставување на Македонската асоцијација за човечки ресурси

# пред посетителите на Деновите на образование и кариера



Во рамки на саемската манисфестација **“Денови на образование и кариера**”, како дел од програмските активности беше претсавена и **Македонската асоцијација за човечки ресурси**.

На презентацијата беше истакнато големото значење кое човечкиот капитал го има за успешноста на сите компании.  Управувањето со него е круцијално затоа што и најсовремените машини и компјутери нема да ни помогнат ако талентот во една организација не е правилно искористен. Од друга страна пак, дури и најголемите мозоци од сите области да бидат собрани на едно место ако нема добри политики и стандарди на управување со човечкиот потенцијал,проблемот нема да биде решен.

**Дарко Маџоски**, претседател на извршниот одбор на асоцијацијата, даде осврт за работењето и идните правци на акција. МАЧР за кратко време од своето постоење веќе има видливи резултати, меѓу кои учеството во поголемата Европска асоцијација за човечки ресурси, како и организацијата на голем број конференции. Се очекуваат многу иницијативи да бидат реализирани во наредниот период, зацврстување на улогата на МАЧР во насока на зајакнување на кредибилитетот на професијата управување со човечки ресурси  и стандардизирање на нејзините најдобри практики. Тој направи една паралела со кадровската функција, чија работа имаше епитет на “досадна” во минатото, а важноста која ја има сега е неоспорна. Сепак додека европските и светските компании работат на тоа како да се управува ефективно со човечкиот капитал во период на економска криза, кај нас се обидуваме да воспоставиме генерална рамка и да ја зајакнеме “свесноста” за професијата. Тоа мора да се обидеме да го промениме






**Кирил Миновски**, од проектот ВАН на USAID, кој е еден од главните иницијатори и поддржувачи на програмата, истакна дека биле надминати очекувањата во врска со зацртаните постигнувања во организацијата  и дека за краткиот период од формирањето веќе има резултати со кои може да се пофалат. Неговиот ентузијазам го надополни со тоа дека очекува во иднина МАЧР која е поддржана од USAID да ја зацврсти улогата и да се етаблира уште повеќе.

**Дорјанка Анастасовска**, која е одговорна за веб страната и ИТ ги претстави активностите на ова поле од работење: интранетот за членовите, учеството на социјалните мрежи каде може да се најдат и публикацијата на електронските весници кои излегуваат месечно. Веб страната е отворена за сугестии, коментари и слично кои ќе бидат во најбрзо време разгледани.

Веб страната на асоцијацијата која е изработена од NextSense се очекува да стане ‘’focal point’’за луѓето кои работат или се заинтересирани за оваа професија и ќе можат да се обратат овде за најновите новости и најдобрите практики применувани во областа. Се планира електронската библиотека која ќе содржи едукативни материјали во иднина да биде составен дел од веб страната, но и да агрегира и произведува најнови ресурси и знаење за корисниците.

На крајот од презентацијата имаше кратка дискусија во која беа разгледани интересни прашања. Беа објаснети придобивките од учеството во европската асоцијација на човечки капитал и прифатени конструктивни забелешки за тоа дека може да се формираат тела на студенти кои се ориентираат во оваа област и се идни катализатори на процесот но и “клуб на ветерани-пензионери” кои ќе може да го пренесат богатото искуство.

Претседателот на МАЧР, Дарко Маџоски, го заклучи претставувањето и истакна благодарност за волонтерската работа на членовите без кои постигнатото не би било остварено, и дека асоцијацијата не е “елитен клуб” за тесна група и ги покани сите заинтересирани да се зачленат со цел да се промовира натамошниот развој на професијата.







Покрај презентацијата МАЧР учествуваше и со штанд, каде заинтересираните посетители можеа да добијат детални информации и инструкции како да станат членови на Македонската асоцијација за човечки ресурси. Посетеноста беше голема, факт кој уште еднаш покажа и докажа дека интерестот за професијата Развој на човечките ресурси е во од голем размер и постоењето и дејствувањето на Асоцијацијата е навистина оправдано, а успехот неминовен.

Меѓу посетителите имаше и организирана група на деца , кои со восхит слушаа што значи Управување со човечки ресурси, секако раскажано на јазикот со кој говорат најмладите. Да се надеваме дека еден ден, некој од младите посетители ќе се развие во специјалист или менџаер за човечки ресурси.





Во реализацијата на успешниот саемски настап посебен добринос дадоа нашите членови-волонтери, за што посебно им благодариме.